20111814064

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 2, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27 став 2, член 28 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 15 декември 2011 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ СО ДОМАШНО ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 14/2008, 164/2008, 16/2010, 44/2010, 63/2010, 171/2010 и 95/2011) во член 4 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Остварената вкупна вредност на видот и обемот на здравствени услуги во првото, второто и третото тромесечје и проекцијата за четвртото тромесечје од претходната година во превентивна здраствена заштита, итна медицинска помош со домашно лекување, по утврдени пакети на здравствени услуги.“

Ставовите 2, 3 , 4, 5 и 6 стануваат 3, 4, 5, 6 и 7.

По ставот 7 се додаваат два нови става 8 и 9 кои гласат:

„По исклучок при утврдувањето на надоместокот за здравствените установи дефинирани во ставовите 4 и 5 на член 69 во Законот за здравствено осигурување, како главни критериуми за утврдување на надоместокот ќе се применат остварените трошоци во претходната година кои се неопходни за целосно функционирање.

Надоместокот се определува за јавни здравствени установи кои вршат превентивна, дел од примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, кај кои Фондот врши корекција на индексот на остварување на вкупната вредност на видот и обемот на здравствени услуги во однос на договорениот надоместок. По предлог на Фондот пред склучувањето на договорите, Владата ги утврдува јавните здравствени установи за кои се обезбедува целосно нивно функционирање.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број 02 - 18660/6
15 декември 2011 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател,
Јован Грповски, с.р.